ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Институтот на сметководители и овластени сметководители објавува оглас за вработување на следната работна позиција

**КОНТРОЛОР НА КВАЛИТЕТ**

**Потребни квалификации**

- Да е активен член во Институтот, да има статус на овластен сметководител и да е запишан во соодветниот регистар;
- Да има непрекинато најмалку пет години работно искуство во вршење на сметководствени работи;
- Високо образование од областа на економија, финансии, сметководство
- Искуство со Меѓународните стандарди за финансиско известување(МСФИ) и Меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти(МСФИ за МСС);
- Активно познавање на англиски јазик ;
- Способност за работа во тим;
- Интегритет и етичко однесување;
- Стратегиско размислување;
- Способност за справување со конфликтни ситуации

**Посебни услови**

- Да не е правосилно осудуван за кривично дело против против работните односи, кривични дела против имотот, кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и кривични дела против службената должност ;

- Да не му е изречена забрана за вршење професија дејност или должност;

**Работни задачи**

- Спроведување на контола на квалитет на работењето на работењето на трговецот поединец – сметководител, трговецот поединец - овластен сметководител и на друштвото за вршење сметководствени работи заради документирано оценување на нивното законско и правилно работење, особено проверка и оценка на:

**Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија**
*ул. „Св. Кирил и Методиј", бр.20 кат бр.2, Скопје, Република Северна Македонија*
тел.: +389 2 3200 030; +389 70 283 807; web: www.isos.com.mk; e-mail: info@isos.com.mk

1) исполнувањето на барањата на Меѓународниот кодекс на етика за професионалните сметководители на IFAC, актите на Институтот и овој закон;

2) исполнувањето на барањата за независност во однос на обврзникот за водење сметководство;

3) квантитетот и квалитетот на ангажирани човечки ресурси;

4) исполнување на условите за поседување на лиценца за вршење на сметководствени работи;

5) исполнување на условите на вработените за упис во соодветниот регистар на Институтот и

6) адекватноста на политиките и процедурите на системот на внатрешни контроли на работењето.

и други задачи кои произлегуваат од законот и останатите акти на Институтот.

Сите заинтересирани кандидати кои ги исполнуваат наведените услови согласно Огласот најдоцна до **15.05.2024 година**, до архивата на Институтот на улица:„Св.Кирил и Методиј" бр.20, деловна зграда на Аутомакедонија, на кат 2 (до главна дирекција на Макпетрол) или на електроска пошта isos@isos.com.mk да ги доставаат следните документи:

- CV за кандидатот;
- Уверение за овластен сметководител издадено од Институтот;
- Оригинал документ за вработувања и работни места од Агенција за вработување (АВРСМ) со кој се докажува бројот на години стаж во вршење на сметководствени работи;
- Доказ дека кандидатот не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството и кривични дела против службената должност ;
- Потврда издадена од Централен регистар на РСМ за евидентирани податоци за изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, должност или дејност;

Вработувањето ќе биде на определено време од 6 месеци пробен период, потоа на неопределено време.